# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 17.06.2021 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 7 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ бр. 0801- 1129 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 17. 06. 2021 година.

**Бр.0901- 1131**
**17. 06. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа член 22, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 39, став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/2016, 64/18 и 168/18), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден година донесе:

**О Д Л У К А**

**за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ДОНЕСУВА Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, за плански период 2019-2024 год.

**Член 2**

Границата на опфатот е дефинирана:

- од северозападната страна границата на опфат минува по оската на сервисна улица “1”.

- од југозападната страна границата на опфатот се движи по осовината на сервисна улица “Новопроектирана 17”.

- на југоисточната страна границата на опфатот се движи по оската на сервисната ул. “Ванчо Ангелов”.

- на североисточната страна границата на опфат минува по оската на транзитната магистрална улица А4.

Површината на плански опфат изесува 10.93 ха, а планскиот период е 2019-2024 год.

**Член 3**

Опфатот на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ги содржи следните намени**:**

- **Б – КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ**

  Б5 – Хотелски комплекси

- **Д – ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА**

  Д2 – Заштитно зеленило Д3

  – Спорт и рекреација

- **Е – ИНФРАСТРУКТУРА**

  Е1 – Сообраќајна инфраструктура

  Е2 - Комунална супраструктура

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален и графички дел од планот Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, со технички број 3582 од јуни 2021 година, изработен од ДИЗАЈН ЦЕНТАР ИНЖЕЊЕРИНГ Трајче ДООЕЛ увоз-извоз Кавадарци
- СОГЛАСНОСТ од Министерството за транспорт и врски бр.24-4144/2 од 14.06.2021 год.
- Извештај од јавна презентација и јавна анкета бр.1002-256/19 од 21.05.2020 год. .

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Свети Николе.

**Бр.0801- 1129** — **Совет на Општина Свети Николе**

**17.06.2021 год** — **Претседател,**

**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2021 година бр. 0801- 1130 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 17. 06. 2021 година.

**Бр.0901- 1131/2** — **Општина Свети Николе**
**17. 06. 2021 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **М-р. Сашо Велковски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 17. 06. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2021 година**

1. Со ова Одлука Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2021 година бр.0402-252/1 од 14.06. 2021 година.

2. Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 1130**
**17.06. 2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за Студија за равој на туризам на Општина Свети Николе за 2021 година. бр. 0801- 1125 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 17. 06. 2021 година.

**Бр.0901- 1126**
**17. 06. 2021 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 17. 06. 2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**Член 1**

Советот на општина Свети николе НЕ УСВОИ Студија за равој на туризам на Општина Свети Николе за 2021 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801 - 1125**
**17.06. 2021 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од локалитет „Мавровица“ (дел од УЕ3, дел од блок 10, дел од плански опфати 10.1, 10.2, 10.3 и 10.4 од ГУП за град Свети Николе), К.О Свети Николе, Општина Свети Николе;

2.Изменување и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ за 2021 година;

**3.**Студија за развој на туризам на Општина Свети Николе 2021 – 2025

**Бр.0801 - 1132**

**17.06. 2021 година**

**Свети Николе**